Уп. бр. 08-99

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Еуролинк Осигурување АД Скопје со седиште на ул.„Пиринска“ бр.23, 1000 Скопје, Република Северна Македонија и Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје се седиште на бул. „Кочо Рацин“ бр.3-2/кат 3 и 4 Скопје – Центар, Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 30.06.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Акционерско друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје со седиште на ул.„Пиринска“ бр.23, 1000 Скопје, Република Северна Македонија и Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје се седиште на бул. „Кочо Рацин“ бр.3-2/кат 3 и 4 Скопје, Република Северна Македонија, ќе стекнат заедничка контрола над Друштвото за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ со седиште на бул. „Кочо Рацин“ бр.3-2/кат 3 и 4 Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 09.06.2026 година, а дополнето на 12.06.2026 година и на 15.06.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација од Акционерско друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје со седиште на ул.„Пиринска“ бр.23, 1000 Скопје, Република Северна Македонија и Друштвото за

управување со отворени и затворени инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје се седиште на бул. „Кочо Рацин“ бр.3-2/кат 3 и 4 Скопје, Република Северна Македонија, со која ЕУРОЛИНК Осигурување АД Скопје и ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје ќе стекнат заедничка контрола над Друштвото за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ со седиште на бул. „Кочо Рацин“ бр.3-2/кат 3 и 4 Скопје, Република Северна Македонија по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истите и го утврди следното:

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ЕУРОЛИНК Осигурување АД Скопје** е компанија за неживотно осигурување. Единствен акционер во **ЕУРОЛИНК Осигурување АД Скопје** е Grazer Wechselseitige Versicherung AG (Граве Групација), интернационална компанија со долга осигурителна традиција, **ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје** врши услуги на осигурување во сите класи за неживотно осигурување.

Граве Групацијата е сопственик и на следните друштва во Република Северна Македонија:

| |
|---|
| 1.ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, со седиште на ул.„Пиринска“ бр.23, 1000 Скопје, со главна дејност – осигурување на живот. |
| 2.ГРАВЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со седиште на ул.„Пиринска“ бр.23-1/1-5, 1000 Скопје, со главна дејност – неживотно осигурување . |
| 3.ГРАВЕ НЕДВИЖНОСТИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Пиринска“ бр.23, 1000 Скопје, со главна дејност –изнајмување и управување со сопствен недвижен имот и недвижен имот под закуп (лизинг). |
| 4. ГРАВЕ ИМОТИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул.„8-ми Септември“ бр.16 хипериум Б/Центар К2 Скопје со главна дејност - изнајмување и управување со сопствен недвижен имот и недвижен имот под закуп (лизинг). |

**ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје е** основано, со цел да врши работи на управување со отворени и затворени инвестициски фондови. ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје, е дел од ВФП групацијата за финансиско советување од Грац, Австрија.

ВФП Групација е сопственик и на следните друштва во Република Северна Македонија:

| |
|---|
| 1. ВФП АД Скопје се седиште на бул. „Кочо Рацин“ бр.3/влез2/кат-2 Скопје, со дејност застапници во осигурување и осигурителни посредници. |
| 2.ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје со седиште на бул. „Кочо Рацин“ бр.3-2/кат 3 и 4 Скопје со дејност – управување со фондови |
| 3. Брокерска куќа ИНОВО БРОКЕР АД Скопје со седиште на ул.„ Теодосиј гологанов“ бр.60-1 (кат2) Скопје со дејност посредување во работењето со хартии од вредност и стоковни договори. |

| |
|---|
| 4. ВФП Плус Консалтинг ДОО Скопје се седиште на бул. „Кочо Рацин" бр.3-2 кат 1 Скопје, со дејности на рекламни агенции. |
| 5.ВФП Акаунтинг ДОО увоз-извоз Скопје се седиште на бул. „Кочо Рацин" бр.3/2 кат 1 Скопје, со дејност – сметководствени, книговодствени и ревизорски дејности, даночно советување |
| 6.Генезис Еквити Партнерс АД Скопје со седиште на бул. „Кочо Рацин" бр.3-2/кат 3 и 4 Скопје со дејност – управување со фондови. |

**Друштвото за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ е** основано со цел да врши работи на управување со доброволни пензиски фондови. ВФП Пензиско друштво АД Скопје, е дел од ВФП групацијата за финансиско советување од Грац, Австрија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**По овластување бр.01-99/1 од 02.03.2026**
**М-р. Борче Размоски**